**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**
***Одделение за внатрешна контрола***
**Бр. 31-5407/1**
**03/11/2011 година**
**С к о п ј е**

Согласно основните цели, задачи и принципи за работа на Владата на Република Македонија како и Стратешкиот план на Агенцијата за храна и ветеринарство со кој се предвидува низа активности насочени кон подобрување на квалитетот на работата, новата методологија на работа која во целост ги апсолвира европски практики при што клучен мотив е безбедна храна и нејзина контрола од нива до трпеза, како и заштита на здравјето на граѓаните, заштита на здравјето и благосостојбата на животните, заштита на потрошувачите и соработка со невладиниот сектор а со цел придонесување во остварување на долгорочните стратешки цели на Агенцијата за храна и ветеринарство, Одделението за внатрешна контрола ја донесува следната:

# П Р О Г Р А М А З А Р А Б О Т А ВО 2 0 1 1 / 2 0 1 2 Г О Д И Н А

Агенцијата за храна и ветеринарство е новоформиран орган на државната управа согласно Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија “ бр. 157/2010 и 53/2011) член 15 (1) каде законски истата е основана и се одредува нејзиниот делокруг на работа, и истата е со јасни надлежности дефинирани во Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија “ бр. 167 од 23.12.2010) каде во член 33-а е одредено дека Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија ги врши работите што се однесуваат на безбедноста на храната и храната за животни; организацијата и одговорноста во вршењето на ветеринарната дејност;

спроведувањето, контролата, надзорот и следењето на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните; заштитата и благосостојбата на животните во однос на нивното одгледување, чувањето, грижата и сместувањето, фармското држење и искористување, транспортот, постапувањето со животните заради обезбедување здравствена заштита на граѓаните; заштитата и благосостојбата на кучињата и домашните миленици, животните во зоолошките градини и животните кои се користат во експериментални и други научни цели; нуспроизводите од животинско потекло; идентификацијата и регистрацијата на фармските и други животни; ветеринарно медицинските препарати; контролата на квалитетот на храната со исклучок на примарното земјоделско производство и други работи од значење на ветеринарното здравство, безбедноста на храната и храната за животни.

Во Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија " бр. 157/2010 и 53/2011) во членот 77 (5) е одредено дека Агенцијата спроведува внатрешна контрола и подлежи на надворешна контрола и превзема соодветни мерки во зависност од резултатите на контролите, за да обезбеди дека се постигнати целите на овој закон. Овие контроли се спроведуваат на независен и транспарентен начин.

Одделението за внатрешна контрола е посебна организациона единица на Агенцијата за храна и ветеринарство согласно Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата за храна и ветеринарство член 13 точка 3 алинеа 3 каде се определува дека Одделението за внатрешна контрола го организира вршењето на внатрешната контрола, а во точка бр. 2. 3 од Правилникот за систематизација на работни места на Агенцијата за храна и ветеринарство е утврден бројот на работни места во Одделението почнувајќи од број14 до18.

## 1. Општи напомени

Во текот на 2011 и 2012 година Одделението за внатрешна контрола, имајќи ја во предвид определбата за целосно остварување на превентивната функција, ќе врши континуирани посети на сите организациони единици во Агенцијата за храна и ветеринарство заради укажување на доследно применување на пропишаните законски прописи, стандардни постапки, упатства, насоки и процедури во секој сегмент од работата на Агенцијата и

постапување согласно на одредбите на Кодексот на државните службеници и одредбите на законот и прописите што се однесуваат на државните службеници.

Врз основа на налог даден од Директорот, остварување на активностите и планот од оваа Програма како и согласно прибраните податоци, ризик анализата, информации и сознанија до кои ќе дојде Одделението за внатрешна контрола ќе бидат превземени плански, организирани акции, контроли и внатрешни аудити со цел контрола и подобрување на работата и процедурите за работа на Агенцијата како и документирање и детектирање на системските слабости и пречки за остварување на целите на Агенцијата и докажување на незаконското, непрофесионално постапување на вработените во Агенцијата.

Имајќи ги во предвид недлежностите и овластувањата кои ги има Одделението, посебен акцент ќе биде ставен на принципите на стручност, компетентност, објективност, транспарентност и професионалност во работењето.

## 2. Програмски активности

Работата на Одделението за внатрешна контрола во 2011 година ќе се фокусира на следните приоритети:

- Целосна афирмација на принципите за професионализам и стручност во работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство со строго почитување на Законските прописи, подзаконските акти и другите акти донесени во врска со работата и работењето на Агенцијата;
- Подготовка на правна рамка и процедури за работа на Одделението за внатрешна контрола;
- Подготовка на детален Акциски план за работа на Одделението, изготвен врз основа на анализа на ризик;
- Воведување на систем за перманентна обука и стручно оспособување и надоградување на вработените во Одделението;
- Зајакнување на институционална и меѓуинституционалната соработка на Одделението со институции задолжени за спроведување на законот во борба против незаконско и непрофесионално постапување;

## 2.1 *Целосна афирмација на принципите за професионализам и стручност во работењето на Агенцијата за храна и ветеринарство со строго почитување на Законските прописи, подзаконските акти и другите акти донесени во врска со работата и работењето на Агенцијата*

Работите од својата надлежност, Агенцијата ги извршува врз основа на начелата на законитост, стручност, професионалност, одговорност, ефикасност и транспарентност.

Целта на Агенцијата е воспоствaување на интегриран и ефикасен систем за контрола на храната и добиточната храна кој ќе овозможи снабдување на населението во Република Македонија со хигиенски исправна, безбедна и квалитетна храна, заштита на здравјето на луѓето, заштита на здравјето и добробитот на животните во Република Македонија согласно високите стандарди на Европската Унија.

Во насока на обезбедување на стручно, компетентно во согласност со закон, вршење на работата на Агенцијата и заштита на здравјето на граѓанин и заштита на потрошувачите во Република Македонија, Одделението ќе постапува во сите случаи на незаконско и непрофесионално и несовесно постапување на државните службеници во Агенцијата со цел објективно, стручно и правично расчистување на настаните. Со ова ќе се зголеми степенот на професионално работење како и доверба на граѓаните во Агенцијата.

## 2.2 *Подготовка на правна рамка и процедури за работа на Одделението за внатрешна контрола*

Согласно позитивното законодавство, со цел воспоставување на интегриран систем за безбедност на храната, Агенцијата за храна и ветеринарство беше формирана со материјално и кадровско спојување на два веќе постоечки органи на Државната управа (*Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за храна при Министерството за здравство*), кои веќе беа надлежни органи за креирање и спроведување на политиките за безбедност на храната и ветеринарството. За првпат формирано е Одделение кое е од хоризонтален карактер и е одговорно за спроведување на внатрешната контрола во Органот, при што истото ќе врши

непосредна контрола, внатрешен аудит и надзор над извршување на задачите на државните службеници и го информира директорот на Агенцијата доколку се појави сомнеж за нерегуларности кои можат да резултираат дисциплинска постапка и ги утврдува околностите од кои настанало пречекорување на овластувањата и детектираните слабости во системското работење на Агенцијата и пречки за остварување на целите на Агенцијата и предлагаа корективни мерки за истите. Одделението е должно да го организира вршењето на внатрешната контрола, контролата на квалитетот на работењето и внатрешниот аудит.

Имајќи го предвид горенаведеното, Одделението ќе изготви ***подзаконски акт*** со кој јасно ќе ја пропишат постапката за работата на внатрешните контролори. Во подзаконскиот акт ќе бидат опишани начинот на работата, постапување и надлежностите на Одделението, внатрешниот аудит, начин на поднесување и постапување по претставки, контрола на квалитетот на работење и како и посебната заштита на работниците на одделението.

Освен ова, Одделението во 2011 година ќе се формира интерна ***база на сите постоечки законски пропист*** и пропишани важечки процедури, насоки, упатства, прирачници итн, кои се однесуваат за работата на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Конечно, Оделението ќе пропише ***Упатство за работа*** на Одделението со кое ќе се обезбеди ***квалитетот на работење при извршување на внатрешна контрола***, при што преземените контроли ќе бидат темелни, ефикасни и веродостојни.

Со ваквиот присатап ќе се постигне навремено откривање на отстапувањата од прифатените стандарди и принципите на законитост, ефикасност, ефективност во работењето и раководењето, преземање на корективни мерки во одредени случаи и информирање на надлежните за утврдените состојби.

## 2.3 *Подготовка на детален Акциски план за работа на Одделението, изготвен врз основа на анализа на ризик*

Имајќи ги предвид човечките и финансиски ресурси на Одделението неопходни за ефективно спроведување на внатрешната контрола, Одделението ќе изготви Анализа на ризик за внатрешни контроли и План на редовни контроли согласно предвидениот ризик. Оваа Програма за работа на Одделението, доколку е потребно, ќе биде изменет по Анализата на ризикот.

Во договор, Оделението ќе изврши ***интервјуа со Раководителите на Одделенијата и Раководителите на Секторите*** , при што неопходно е да се ***добијат сите релевантни законски*** и подзаконски акти, упатства, процедури за работа, насоки и др. документи, кои ќе бидат ставени во базата за законски акти на Одделението (види точка 2.1). Од аспект на анализа на ризикот, по спроведувањето на овие интервјуа, раководителите ќе ги достават и ***програмите/плановите за работа*** на инспекторатите и Секторите и Одделенијата во Агенцијата, како и преглед на ***фрекфенцијата на извршениот инспекциски надзор и прегледани пратки*** по инспекциски единици. Овие податоци ќе бидат прецизно систематизирани, обработени и следени и ќе овозможат детектирање на обемот на работа и ризикот како и евентуалното и нецелосно реализирање на предвидените Програми.

## 2.5 *Воведување на систем за перманентна обука и стручно оспособување и надоградување на вработените во Одделението*

Заради успешно функционирање се јавува потреба за неопходно воведување на систем за перманентна обука за стручно оспособување и надоградување на вработените во Одделението. За успешно спроведување на обуката на внатрешните контролори ќе се оствари блиска соработка со домашни и странски експерти, а во зависност од потребите ќе се соработува со останатите државни институции со цел вработените во Одделението во целост да одговорат на потребите.

**2.6 *Зајакнување на институцијална и меѓу- институционалната соработка на Одделението со институции задолжени за спроведување на Законот, во борба против незаконско и непрофесионално постапување.***

Во борбата против незаконското и непрофесионалното постапување, Одделението за внатрешна контрола ќе соработува со Царинската управа на Република Македонија, Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој и надлежните државни инспекторати и единици за внатрешна контрола при ресорните Министерства во сите случаеви каде што постои основано сомневање за постоење на кривични дела, особено на дела кои имаат елементи на организиран криминал и корупција во кои што се инволвирани вработени во Агенцијата за храна и ветеринарство. Одделението, исто така ќе ја јакне соработката со институциите за надворешна контрола на Агенцијата, невладиниот сектор и граѓаните. Имајќи го предвид градењето на транспарентен систем на односи со граѓаните, Одделението за внатрешна контрола ќе организира активности каде граѓаните ќе се запознаат со работата и одговорностите на Агенцијата со цел градење на партнерски однос и зајакнување на довербата и соработката.

***3. Спроведување на Програмата за работа за 2011/2012 година***

Програмата за работа на Одделението за внатрешна контрола и професионални стандарди за 2011/2012 година претставува основа за изработка на конкретни планови со временска рамка и анализирање на секој сегмент опфатен во неа.

Раководителот на Одделението за внатрешна контрола за секоја планирана активност ќе изготвуваат конкретен оперативен план кој ќе биде обврзувачки за постапување за секој вработен во Одделението.

**Директор**

**Дејан РУНТЕВСКИ**